**Одговори на коментари по јавна расправа за предложена измена на одобренија за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба**

Операторот оне.Вип ДОО Скопје согласно став (5) член 146 од Законот за електронски комуникации („Сл. Весник на РМ“, бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15) до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) на ден 18.11.2016 година достави барање за измена на одобренијата за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентни броеви 108269/1, 108271/1, 104068, 104069, 104711, 108269/2 и 108267/2. Врз основа на Член 146 став (4) од Законот за електронски комуникации („Сл. Весник на РМ“, бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), поради тоа што барањето на операторот предизвикува значителна измена на одобренијата за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба, Агенцијата за електронски комуникации објави јавна расправа за предложената измена. На јавната расправа е пристигнат коментар од Македонски Телеком. На 24.01.2017 година е одржан и јавен состанок после јавната расправа на кој присуствуваа претставници на Македонски Телеком. На состанокот не дојдоа претставници на оне.Вип. Во продолжение е коментарот на Македонски Телеком и одговорот на АЕК:

**Коментар на Македонски Телеком:**

Со предлогот на оне.ВИП се бара измена на сите одобренијата во копнена мобилна служба во опсезите 790-862 MHz, 880-960MHz и 1710-1880 MHz на оне.ВИП и Македонски Телеком АД Скопје (понатаму: МКТ) на начин на кој делот на МКТ од секој опсег се поместува во горниот дел од опсегот.

Во оваа прилика би сакале да потенцираме дека сите постоечки одобренија за користење на радиофреквенции на МКТ се доделени на јавен тендер со јавно наддавање при што е платен еднократен надоместок за користење на фреквенциите за периодот за важење на одобренијата под условите, меѓу кои и локацијата на блоковите од фреквентните опсези, под кои е купен спектарот. При тоа АЕК со издавање на одобренијата го гарантирала користењето на доделениот дел од опсегот овозможувајќи континуитет во работењето на операторот без значителни измени кои ќе предизвикаат непредвидени инвестиции за исполнување на условите од одобренијата. Дополнително, МКТ на јавен тендер го добил на користење делот од опсегот за кој поднел најповолна понуда и за која направил стратешки планови за користење за подолг период што подразбира развој на мрежата и развој на соодветни услуги.

Секоја непланирана измена на одобренијата е неприфатлива и значи кршење гарантираните услови од одобренијата за кои МКТ наддавал на јавен тендер и го става под

прашање тековното работење на операторот  а воедно и го става МКТ во ситуација на правна несигурност во понатамошното работење.

**Одговор на АЕК:** Коментарот се прифаќа. Агенцијата се согласува со ставот дека предложените измени ќе предизвикаат непредвидени инвестиции за исполнување на условите од изменетите одобренија. Тоа би значело и кршење на гарантираните услови од одобренијата за кои МКТ наддавал и притоа дал најдобра понуда.

**Коментар на Македонски Телеком:**

Во својата годишна програма за работа за 2017 година, АЕК најави јавен тендер за радиофреквентните опсези кои се расположиви. Постапката треба да биде отворена, транспарентна и недискриминаторска и треба да им овозможи на сите присутни оператори на пазарот еднакви услови да ги зголемат своите фреквенциски ресурси за иден развој и иновации.

Во моментот кога се очекува расположивиот спектар да биде понуден на јавен тендер, процедура за измена на одобренијата за радиофреквенции која подразбира поместување на блоковите од радиофреквентните опсези за да се добие ефикасно и ефективно користење на спектарот (reshuffling), сметаме дека треба да се спроведе по завршување на постапката на јавен тендер и одкако ќе бидат познати носителите на понудените радиофреквенции.

**Одговор на АЕК:** Коментарот се прифаќа. Агенцијата се согласува дека предложената измена на одобренијата треба да се спроведе по завршување на постапката на јавен тендер и откако ќе бидат познати носителите на понудените радиофреквенции.

**Коментар на Македонски Телеком:**

Треба да се земе во предвид и дека две од одобренијата за кои се предлага измена престануваат да важат во март 2017  и како расположлив ресурс би можеле да бидат предмет  на јавениот тендер, па од тука нивната предложена измена воопшто не е разумна.

Во случај постапката на ‘reshuffling’ и измена на одобренијата да се спроведе  пред најавената тендерската постапка, истата постапка на ‘reshuffling’ и измена на одобренијата ќе биде потребна да се спроведе и по завршување на јавниот тендер и секако трошоците за оптимизација ќе бидат двојно поголеми. Само после успешна реалокација на радиофреквентните ресурси која ќе овозможи одржлива конкуренција на пазарот на мобилни комуникациски мрежи и услуги во Република Македонија, поместување на блокови

во одредени радиофреквентните опсези треба да се спроведе за да се овозможи ефикасно и ефективно користење на радиофреквентниот спектар.

**Одговор на АЕК:** Коментарот се прифаќа. Одобрението број 103762 за користење на радиофреквенциските опсези 880-890/925-935 MHz и 1710-1720/1805-1815 MHz престанува да важи во март 2017 и Агенцијата ќе спроведе јавен тендер за доделување на одобрение имајќи ја во предвид регулаторната политика во однос на користењето на радиофреквенции за обезбедување на јавни мобилни електронски комуникациски мрежи/услуги што подразбира присуство на пазарот на повеќе од два мрежни оператори на јавни мобилни електронски комуникациски мрежи/услуги.

**Коментар на Македонски Телеком:**

Според член 7 став 1 алинеја 2 и 3, во кој се опишани основните регулаторни начела на законот, АЕК има обврска да ја поттикнува конкуренцијата во обезебедувањето на јавни електронски комуникациски мрежи, јавни електронски комуникациски услуги и придружните средства и услуги и тоа особено на следниве начини:

- гарантирање дека не постои нарушување или ограничување на конкуренцијата на пазарот за електронски комуникации, и

- поттикнување на ефикасно користење и обезбедување ефективно управување со радиофреквенциите

Измената на одобренијата за користење на радиофреквенции во мобилна служба на начинот на кој се предлага од страна на оне.ВИП ќе значи овозможување на дополнителна огромна конкурентска предност на операторот оне.ВИП со овозможување на континуиран фреквентен опсег во опсезите 800, 900 и 1800 MHz покрај конкурентската предност кој ја добија со спојувањето на двата оператори и со поседување на двојно поголема количина на радиофреквентен опсег во споредба со МКТ. Од аспект на капацитет и перформанси на мрежа ова ќе значи 2,5-3 пати поголем капацитет и брзина на податочни услуги за оне.ВИП. Со ова се крши еден од погорецитираните постулати од Законот според кои АЕК треба да работи во насока на “гарантирање дека не постои нарушување или ограничување на конкуренцијата на пазарот за електронски комуникации”.

**Одговор на АЕК:** Коментарот се прифаќа. Предложената измена на одобренијата ќе овозможи уште поголем капацитет и брзина на податочни услуги за оне.ВИП.

**Коментар на Македонски Телеком:**

Со цел детално презентирање на нашите аргументи според кои барањето на оне.ВИП треба да биде одбиено од страна на Агенцијата ги посочуваме следните аспекти кои неминовно треба да бидат земени во предвид при одлучување за предметното барање:

1. Со предложените измени на одобренијата и преземање на 800 MHz на горниот дел од опсегот од страна на МКТ, оне.ВИП ќе се здобие со континуиран спектар од ширина од 20 MHz што претставува 66,6% од вкупниот капацитет на 800 MHz наспроти 10 MHz на МКТ, односно оне.ВИП ќе има двојно поголем капацитет и потенцијал за обезбедување на брзини на пренос на податоци во LTE мрежата

2. Во опсегот на 900 MHz со предложените измени ќе се овозможи огромен континуиран блок од 22,5 MHz на оне.ВИП што претставува 64,3% од вкупниот капацитет на 900 MHz кој воедно може да се користи за сите радио технологии (GSM/UMTS/LTE). При тоа релевантно е да се напомене дека:

– моментално оне.ВИП го користи овој опсег за GSM и UMTS технологиите. По спојувањето, оне.ВИП активираше дополнителен втор носител и на UMTS900 технологијата што овозможува двојно поголем капацитет и брзина на UMTS мрежата во однос на МКТ, и

– во иднина овој блок од 22,5 MHz може да се користи и за LTE технологијата со ‘refarming’ на фреквенциите од GSM или UMTS во LTE на 900 MHz. МКТ со своите 12.5 MHz на овој опсег и волуменот на говорниот и податочен сообраќај во својата мрежа не е во можност да го користи во скоро време 900 MHz опсегот за LTE технологија.

3. Во опсегот на 1800 MHz, со бараните измени ќе се овозможи огромен континуиран блок од 50 MHz за оне.ВИП што претставува 66.6 % од вкупниот капацитет на 1800 MHz кој што може да се користи за активирање на LTE ‘intra-band carrier aggregation” со 2 x 20MHz носители, со што ќе се овозможи двојно поголем капацитет и брзина на пренос на податоци на LTE мрежата на 1800 MHz за оне.ВИП во однос на МКТ.

4. Поради огромниот континуиран опсег што би го поседувал оне.ВИП на опсезите 800MHz, 900MHz и 1800MHz, се отвара можоност оне.ВИП да го откаже опсегот 2100 MHz по истекот на одобрението во 2018 година, и да ги намали своите трошоци за користење на радиофреквенции.

Од тука предложените измени на одобренијата за користење на радиофреквенции во мобилна служба се крајно неприфатливи за МКТ, поради тоа што ќе предизвикаат дополнителна огромна конкурентска предност на операторот оне.ВИП со овозможување на континуираниот фреквентен спектар во опсезите 800, 900 и 1800 MHz.

Сметаме дека и моменталната ситуација со фреквентниот спектар кој во 2/3 од вкупниот доделен спектар се наоѓа во владение и користење на оне.ВИП, треба да биде третирана и корегирана со мерки и акции од страна на АЕК, и сметаме дека дополнително продлабочување на проблемот со конкурентноста на овој пазар не треба да се овозможува со можно одобрување на барањето на оне.ВИП.

**Одговор на АЕК:** Коментарот се прифаќа. Агенцијата смета дека одобрувањето на предложените измени ќе предизвика конкурентска предност на операторот оне.ВИП.

Агенција за електронски комуникации